Australian Macedonian
TODAY
35 YEARS
Австралиско Македонски ДЕНЕС
YEAR XXXV No 1998 2 MAY 2025 FREE



# АВСТРАЛИЈА ОВАА САБОТА ИЗБИРА

Милиони припадници на генерацијата Z (зумери) и милениумци ќе доминираат на гласачките места на претстојните сојузни избори, и првпат ќе бидат побројни од припадниците на Бејби Бумерите.

Партиите се повеќе го губат статусот, а со тоа стануваат помалку диференцирани за гласачите, особено младите, се помалку стануваат припадници на таборот, и се помалку лојални на партиите.

Сепак анкетите откриваат 15 клучни места што ќе одлучат кој ќе ги добие федералните избори оваа сабота. Анкетите на Лабуристичката партија, предвидуваат дека Ентони Албанезе ќе стигне до победа со 72-78 места во Парламентот во Канбера кој има 150 парламентарци.

Тајните внатрешни анкети на партиите генерално се сметаат за подобар и поверодостоен водич од медиумските анкети, кои вклучуваат помал број испитаници.

Новото истражување сугерира дека Питер Датон сѐ уште би можел да ја принуди владата на Албанезе да стане малцинска, но веќе нема никакви шанси сам да формира влада.

Но, со оглед на тоа што последните 24 часа се клучни за конечниот исход во сабота навечер ќе бидеме сведоци на гласањето во Австралија.

FREE DIGITAL EDITION
SCAN the QR CODE
SIGN UP NOW!
РЕГИСТРИРАЈТЕ СЕ ЗА ДА ГО ДОБИВАТЕ БЕСПЛАТНО
ДИГИТАЛНОТО ИЗДАНИЕ НА www.australianmacedonian.com.au/subscribe

# Оддадена почит на осумтемина херои загинати кај Вејце





Одборот на бранителите годинава најмасовно ја одбележа годишнината од масакрот врз осум припадници на безбедносните сили, кој се случи на 28 април 2001 година, помеѓу селата Селце и Вејце на Шар Планина, во месноста Бреза.

По интонирањето на македонската химна, беше оддадена почит со минута молк, а претставници на Одборот на бранителите, Министерството за одбрана, Армијата, МВР, политички партии, организации и здруженија на бранителите, како и навивачката група „Војводи“, положија свежо цвеќе пред плочата со имињата на загинатите херои.




Животот го дадоа за Македонија а местото каде што загинаа наликува на депонија. За секоја комеморација се носи таблата со нивните имиња која потоа се зема зашто ако остане ќе ја уништат. 24 години поминаа од тогаш, срамота за секоја власт. Во Вејце и кај Карпалак не загина ниту еден Албанец (само Македонци), инаку досега ќе видевме огромни спомен-обележја какви што има на дваесетина места во северозападниот дел од државата

AUSTRALIAN MACEDONIAN TODAY
Published by:
AEA ETHNIC PUBLISHERS P/L
Postal: PO Box 544
Thomastown,
Victoria 3074 Australia

Phone: 0403 152 671
Email: amwtoday@icloud.com






# „Сите што биле на власт досега се виновни за убиството на нашите деца!" - протест пред ЈО на родителите на настраданите во кочанската дискотека

Нов протест одржаа родителите, роднините и другарите на загинатите деца во пожарот во кочанската дискотека „Пулс" на 16 март годинава. Овојпат пред Јавното обвин ителство во Скопје. „Селективна одговорност е неодговорност", „Каде да фатиме врски за да ги вратиме нашите другари", беа дел од паролите.

Родителите рекоа дека сите кои досега биле на власт се одговорни за убиството на нивните деца. Ги наброија сите досегашни премиери, градоначалници, директори и обвинители.

- Да се постапеше по една пријава по допрен глас ова немаше да случи, нашите деца ќе беа живи. Јавното обвинителство дали еднаш постапило по допрен глас? Не се само овие 62 загинати деца, 170 деца се повредени и доживотно ќе останат со инвалидитет. Дали овој



тука таканаречен јавен обвинител тука ќе постапува само по партиски потреби?, рече родител на протестот пред Обвинителство.

Неколку родители влегоа во Обвинителството на средба со обвинителите кои го водат случајот.

Над 60 лица досега се под истрага за пожарот. Под истрага се сите министри за економија, градоначалници на Кочани, полициски инспектори, началници и командири кои од 2012 година наваму дале одобрение дискотеката „Пулс" да добие лиценца за работа од Министерството за економија, соопштија МВР и Јавното обвинителство.

Протестниот марш преку плоштадот „Македонија" потоа заврши пред Собранието каде се одвиваше неуспешната интерпелација за министерот за внатрешни Панче Тошковски.

## Сакала да плати 2.000 евра мито, ги дала парите на грешен човек

27-годишна жена од тетовско село пријавила дека била измамена за 2000 евра од страна на K.J., која и се преставила дека е ќерка на обвинителка и дека може ѝ помогне за предмет во Обвинителството.

На 15 февруари годинава таа и ги дала парите, но на 15 април добила одговор од Обвинителството дека „иницијативата" ѝ е одбиена, по што сфатила дека била измамена.

Полицијата презема мерки за целосно расчистување на случајот. Ова е уште еден пример дека корупцијата е толку „вградена" во општеството што не знаеме како да ја одлачиме.



# Дали знаете што да направите за да важи вашиот глас?

## Сојузни избори, Сабота, 3 мај 2025

**Важно е да знаете како да гласате правилно.**

На денот на изборите, ќе треба да пополните две гласачки ливчиња:

- **зелено ливче за Претставничкиот дом**
- **голем бел лист за Сенатот.**

На зелениот гласачки лист гласате за пратеник од вашата локална област или изборна единица во Претставничкиот дом.

На белиот гласачки лист гласате за пратеници од вашата држава или територија во Сенатот.

**Не се грижете ако направите грешка.**
**Едноставно побарајте да ви дадат нов гласачки лист и одново започнете со гласањето.**

**Зелено гласачко ливче** – Напишете броеви во **секое квадратче** по редослед според ваш избор




Примерок на гласачкото ливче

**Бел гласачки лист** – можете да изберете да гласате над или под линијата




Примерок на гласачкиот лист

## или

**Гласајте над линијата**
Напишете броеви во **најмалку 6 квадратчиња** за партиите или групите, по редослед според ваш избор.

## или

**Гласајте под линијата**
Напишете броеви во **најмалку 12 квадратчиња** за поединечни кандидати, по редослед според ваш избор.

## Дознајте како да гласате правилно на aec.gov.au/translated

### Вашиот глас ќе помогне во оформувањето на Австралија.

За да дознаете повеќе
**aec.gov.au/translated 1300 720 139**

AEC Australian Electoral Commission

**Овластено од претседателот на Изборната комисија, 10 Mort Street, Canberra.**
**Authorised by the Electoral Commissioner, 10 Mort Street, Canberra.**



# МУ СЕ ИСПРАЗНИЛА БАТЕРИЈАТА НА МОБИЛНИОТ, ПА ДОШОЛ ДО ИДЕЈА КОЈА МУ ДОНЕЛА БОГАТСТВО

По едно ноќно излегување во 2020 година, Бејли Пеџ (20) се соочил со проблем од кој се плашат повеќето млади: му се испразнила батеријата на неговиот мобилен телефон. Не можел да повика такси, па тргнал пешки дома, а за време на прошетката добил идеја која за шест недели му донела заработка преку $100.000.

Се прашувал како може да го наполни својот мобилен телефон без да носи преносна батерија со себе, што честопати знае да биде незгодно. Сакал да создаде безжичен полнач кој ќе биде лесен за носење и ја вложил целата своја заштеда во развивање на идејата. Години на напорна работа и истражување конечно се исплателе кога отворил сопствена компанија.

„Кога бев трета година на факултет, морав да го балансирам истражувањето со школувањето. Имаше многу долги ноќи и работа преку викенди за да надоместам се што пропуштав поради факултетот“ – изјавил Пеџ.

„Секогаш ги охрабрувам младите луѓе едноставно да се обидат. Ако имате план, мора да го ставите на хартија. Секогаш е добро да добиете поинаква перспектива и повратни информации. Не можете да згрешите ако почнете, што е често и претставува најголема пречка“ – додал тој.

Неговата компанијата Zip Zap Chargers има голем број следбеници на Инстаграм, а во описот на профилот стои над 20 илјади Австралијци ги користат неговите производи. Пеџ честопати го прикажува процесот на изработка на еден од полначите, за кои вели дека се совршен додаток за патувања.


INJURED? ПОВРЕДЕНИ?

✓ TAC
✓ WorkCover
✓ Slips & Falls
✓ Superannuation TPD
✓ All Injury Claims
✓ Free First Appointment
✓ Speak Macedonian
✓ Over 25 years experience in Personal Injury Claims

✓ Сообраќајни повреди
✓ Повреди на работа
✓ Суперануација и траен инвалидитет
✓ Сите видови на повреди
✓ Првата средба е бесплатна
✓ Зборуваме Македонски
✓ Повеќе од 30 години искуство во областа за отштета од повреди

NO CLAIM NO FEE



JOHN DELLIOS & ASSOCIATES

183 High Street Thomastown Tel. (03) 9464 4000 LAWYERS

# Македонија наплаќа двојно повеќе за концесиите на рудните богатства

Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини објави дека наплатата на надоместоците за експлоатација на минерални суровини во првиот квартал од 2025 година достигна 247.491.155 денари (A$7.13 милиони). Ова претставува повеќе од двојно зголемување во однос на истиот период во 2024 година, кога беа наплатени 110.576.324 денари (околу A$3 милиони), извести Министерството.

„Овој значаен раст е резултат на посветените и засилени активности на Министерството за подобрување на наплатата и зајакнување на контролата врз обврските на концесионерите, вклучувајќи:

- испраќање писмени опомени до концесионерите со предупредување за можен раскин на концесијата доколку не ги подмират навреме обврските,
- засилување на редовните и вонредните инспекциски контроли на терен,
- едностран раскин на десетина договори со концесионери кои не ги почитувале законските обврски, со уште десетина постапки во тек,
- донесување нов Тарифник за утврдување на висината на надоместоците, кој е во сила од 1 јануари 2025 година.

Со новиот Тарифник висината на надоместоците за издавање дозволи и концесии за експлоатација на минерални суровини е зголемена до 100%, со цел да се обезбеди правична вредност за користење на природните ресурси. Клучните измени вклучуваат:

- зголемување на надоместокот за користење простор за експлоатација за околу 30%,
- надоместок за експлоатација на мермер: 5% од приходот од продадената суровина, наместо 1% од претходна фиктивна цена,
- зголемување на надоместокот за метални минерални суровини од 2% на 4%,
-просечно зголемување над 100% за неметални минерални суровини.

Овие измени не се однесуваат на јагленот, со цел да се избегне дополнителен притисок врз цените на електричната енергија.

Порастот на наплатата директно влијае врз зголемувањето на буџетите на општините каде што работат концесионерите, како и на буџетот на Републиката. Овие средствата се користат за изградба и одржување на комунална инфраструктура на подрачјето на единиците на локалната самоуправа, проекти за одржлив развој и енергетска транзиција и за спроведување на проекти за заштита на животната средина“, се додава во соопштението на Министерството за енергетика, рударство и минерални суровини.



**„Богатствата се на државата и мора да носат корист за сите! Повеќе средства за инфраструктура, за енергетска транзиција и проекти за развој и животна средина“, истакна министерката Божиновска**


AHAM BRIDGE OF HUMANITY

АХАМ ГАРАНТИРА ДЕКА ВАШИТЕ ИСПРАТЕНИ БОКСИ ЌЕ ИМ БИДАТ ЛИЧНО ПРЕДАДЕНИ НА ПРИМАЧИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА ВО РОК ОД ТРИ МЕСЕЦИ ОТКАКО КОНТЕЈНЕРОТ ЌЕ ЗАМИНЕ ОД АВСТРАЛИЈА



**Места каде се издаваат и примаат кутиите**

**ВИКТОРИЈА**
Илија Јошевски Мечето 93673091, моб: 0418 396 256
Дијана Мицалевска Пупалевска 0414 743 117
**ЏИЛОНГ:** Коста 0401 550 841
**АЛТОНА:** Јован 9314 8585 ,0434 088 440
**АРДИА:** Милорад и Сенди 9363 3635
**БАНДУРА:** Филимена 9467 8027
**БОКС ХИЛ-РИНГВУД:** Гоце 0431 518 568
**ДАНДЕНОНГ:** Борката 9795 6305, 0411 767 613
**КИЛО-СЕНТ АЛБАНС:** Ило Мечето 9367 3091, 0418 396 256
**ЕСЕНДОН – АВОНДАИЛ ХАЈТС:** Целе Velјановски 9337 3931
**ЛАЈЛОР ЕПИНГ:** Кинг Фреш Бурек 9401 4777, Стојна и Панде 0481 184 038
**МЕЛТОН:** Драги 0419 325 848
**ПРЕСТОН – НОРТКОТ:** Валентина 0451 820 045
**ПРЕСТОН:** Аница 0409 416 273, Валентина 0451 820 045 Милка и Љупчо, Авио Травел 9471 4556, 9471 4559
**РЕЗЕРВО:** Ило 9460 7802, 0432 654 251
**СЕНТ АЛБАНС:** Кинг Фреш Бурек -9364 3752, 0414 544 563
**ЈАРАВИЛ:** Трена 9687 4663

**НОВ ЈУЖЕН ВЕЛС**
**СИДНЕЈ:** Љупчо 0415 801 989
**АРНКЛИФ:** Горан 0414 597 595
**БЕНКСТАУН – ЈАГУНА:** Сашо 9707 1430, 0416 934 638, Џексон - 9793 0366, 0407 175 727
**КАНЛЕЈ ВАЛИ:** Илија 9754 2287
**РОКДАЕЛ:** ВМ Центури Травел 9587 5493
**КАНБЕРА – КВИНБИЈАН:** Душица 0404 149 965
**ВОЛОНГОНГ – ПОРТ КЕМБЛА:** Васко 0450 484 418

**ЈУЖНА АВСТРАЛИЈА**
**АДЕЛАИД:** Драго 08 8345 1381

**ЗАПАДНА АВСТРАЛИЈА**
**ПЕРТ:** Славе 08 9300 8342, 0419 997 719, Ислам 9440 4038, 0433 214 874

**КВИНСЛЕНД**
**БРИЗБЕН:** Весна 0433 218 018, Невенка 0402 847 225

Добиената сметко-потврда е Tax Deductable, а ако ја пријавувате на вашата годишна такса

# Димитровска мора веднаш да поднесе оставка



Претседателката на Државната комисија за спречување на корупцијата (ДКСК), Татјана Димитровска, мора веднаш да поднесе оставка од функцијата зашто сè уште ја инфицира институцијата.

Ова го порача поранешната прва антикорупционерка Билјана Ивановска откако актуелната претседателка на ДКСК минатата недела се најде на листата на осомничени во случајот „Адитив“ (криминал во државната ЕСМ тежок 6.5 милиони евра) поради оддавање службени тајни (какви кривични пријави и истраги има) на друг обвинет во случајот. Димитровска и уште две други лица дополнително паднаа под истрага по вештачењето на телефонот на Небојша Стојановиќ, ексдиректор на ТЕЦ „Неготино“. Таа беше со полиција изведена пред судија на претходна постапка кој и определи мерки за претпазливост: одземање на обичниот и дипломатскиот пасош, јавување во Судот и забрана да работи на тековни предмети во Антикорупциска.

– Претседателката на ДКСК мора под најитно да си поднесе оставка затоа што на овој начин се уште ја инфицира институцијата, значи треба да се тргне за институцијата да може слободно да се чисти – изјави Ивановска одговарајќи на новинарски прашања пред одржувањето на сесијата на Националната конвенција за ЕУ во МКД посветена на борба со корупцијата.

Според неа на потег сега е законодавниот дом пред кого одговараат и претседателката и членовите на Антикорупциската комисија.

# Тројца повредени во пожарот во Кочани се вратија дома од Пловдив



Тројца повредени во пожарот во Кочани кои беа хоспитализирани на Универзитетската болница за интензивна нега „Св. Ѓорѓи“ во Пловдив, неделава се пуштени на домашно лекување.

„Пациентите, тројца мажи на возраст од 19, 21 и 48 години, беа примени во болницата на 17 март на Клиниката за пластична, реконструктивна и естетска хирургија, каде што беа сместени на интензивна нега поради сериозноста на изгорениците од втор и трет степен. Во болницата, нивната состојба постепено се подобруваше, а медицинските специјалисти им ја обезбедуваа сета потребна нега и третман“, се вели во соопштението.

Тројцата пациенти и нивните роднини изразија благодарност до тимот на болницата.

Во пожарот во дискотеката „Пулс“ во Кочани што се случи на 16 март, животот го загубија 62 лица, а близу 200 беа поврдени. Некои од повредените беа пренесени на лекување во други земји. Во Бугарија беа хоспитализирани 15 – од нив осум во болницата „Пирогов“ во Софија, а другите во болниците во Пловдив и Варна.



# Николоски: Предвремени парламентарни избори нема да има, Владата и мнозинството се стабилни

Предвремени парламентарни избори нема да има, граѓаните минатата година јасно ја изразија својата волја. Имаме стабилно мнозинство во Собранието, министрите и именуваните лица коректно ја вршат работата и заради тоа не гледам причина зошто да има предвремени избори, истакна вицепремиерот Александар Николоски, во интервју за емисијата "360 степени" на МРТВ.

Во однос на внатрепартиските препукувања во албанскиот коалиционен блок рече дека тоа се внатрешни проблеми кои не влијаат на работата на Владата и проектите.

- Тука прашањето има три дела. Само ВМРО–ДПМНЕ да го гледаме, ние сами би можеле да водиме влада. Дали е политички или опортуно тоа е друго прашање, сега зборуваме за бројки.

Втора компоненета е заедно со ЗНАМ. Сега имаме стабилно мнозинство, ако на тоа дадеме уште 6 пратеници на ЗНАМ тогаш сосема е јасно за стабилна Влада. Но реалноста во Македонија е друга, тоа е што е. Добро е да има и партнери од албанскиот блок. Во овој момент мислам дека 4-те партии кои што се од коалицијата „Вреди" си ја завршуваат својата работа во рамки на Владата, министерите и другите именувани лица работат коректно и добро си ја работат работата и ние немаме забелешки. И се додека е така, не гледам ниедна причина да има рекомпонирање во рамки на Владата. Тоа што тие имаат внатре



помеѓу себе несогласувања и тие не се насочени кон Владата туку кон локалните избори, тоа се работи што треба да си ги решаваат меѓу себе, истакна вицепремиерот Николоски.

Вицепремиерот упати јасна порака, место за ДУИ во Владата нема да има. Сите кои би соработувале со ДУИ, ќе одат во опозиција, потенцираше тој.

## „Нам пруга до Крива Паланка не ни треба"

Александар Николоски во истото интервју го повтори ставот дека македонската Владата не сака да инвестира во пруга која завршува во тунел.

- Имаме преку 15 дописи до Бугарија на кои немаме одговор, очигледно е дека тие не сакаат да ја градат пругата. Точно е дека тие пред неколку месеци пратија предлог-договор а исто точно е дека ние веднаш го ставивме на седница на Влада и формиравме работно тело на највисоко можно ниво. Уште премиерот не е член на работната група. Значи таму сум јас, Тимчо Муцунски како министер за надворешни работи, Гордана Кочоска како министер за финансии и Синиша Јовановски како директор на Железници. Во тој договор има спорни работи, треба да седнеме да разговараме. И велиме, благодариме што ова ни го доставивте, иако претходно средби имаше, ама ги прекинаа. Еве работна група од наша страна, повисоко од ова нема. Формирајте работна група вие, каква сакате, да седнеме, за еден ден ќе ја завршиме работата. Ама не седнуваме затоа што тие не сакаат да седнеме, тогаш како можеме да ја завршиме работата.



Нам пруга до Крива Паланка, до тунел таму не ни треба. Сега го прошоиривме и го модернизиравме патот до Деве Баир. Да повторам, ако бугарската страна сака да гради пруга, пруга ќе има и ќе се изгради.

Што се дела, што се зборови? Зборови се ваквите провокативни изјави од бугарска страна, а дела се дека Софија – Перник нема да се реконструира зашто парите ги тргнаа и ќе ги вложуваат во Софија – Бургас. А Македонија во моментов е единствена земја што гради железница на Коридорот 8, рече Николоски.

Жељко Стојаковиќ
Barristers & Solicitors

РАЗУМНИ ЦЕНИ ЗА НАШИТЕ УСЛУГИ
- Challenging Wills
- Family Law
- Criminal Law
- Wills & Probate
- All Courts & Tribunals
- Оспоруваме тестамент
- Семејно право
- Кривично право
- Тестаменти и Оставнина
- Сите судови и трибунали
Suite 5, Floor 1, 332A Main Rd East, St Albans
Tel: (03) 9310 9971

# СДСМ обвини дека била скината казна за брзо возење на брат на градоначалник од ВМРО-ДПМНЕ и била пишана на друг возач!?




Осум дена по сторениот сообраќаен прекршок, Д.С. (брат на градоначалникот на Гази Баба, Бобан Стефковски од ВМРО-ДПМНЕ), бил во полициска станица за да се пријави за казнен налог за пребрзо возење на булеварот „Александар Македонски“ во Автокоманда (населба во Гази Баба). Ова го потврди министерот за внатрепни работи Панче Тошковски кој рече дека на лицето ќе му биде изречена глоба од 300 евра (ако плати во рок од 8 дена сумата е половина) и забрана за управување со возило затоа што наместо со дозволените 50 км/ч возел со 88 км/ч.

Министерот случајов го спомна во рамките на борбата против корупција на власта, но да не беше СДСМ да го обелодени на партиска прес конференција - ќе си поминеше така.

Најстрашно е тоа што казната всушност му била пишана на човек кој воопшто нема никаква врска со настанот!?

Сообраќајната полиција на Велигден го регистрирала со камера братот на градоначалникот за прекршокот и го стопирала, а тој уште веднаш таму се јавил некому по мобилен. Не поминала една минута на сообраќајниот полицаец му се јавил неговиот началник (кој во мигот бил во Грција) и му наредил да не му пишува казна на Стефковски. Но, откако било утврдено дека налогот автоматски веќе е направен, полицаецот добил „насоки“ да впише сосема трето лице во казнениот налог, некојси С.Ј.

За ова дело, Тошковски најави кривични пријави и санкции.

- Се утврди фактичка состојба многу пострашна од онаа што беше објавена од СДСМ, односно се утврди дека конкретниот полициски службеник постапил спротивно на неговите законски овластувања бидејќи дозволил одредено лице да помине без соодветна казна што требало да му биде изречена. Тоа е првиот прекршок. Вториот прекршок којшто е уште построшен е тоа што недолжен граѓанин, кој не е поврзан со настанот, го навел во рамки на документацијата што се изготвува од страна на МВР со што сторил одредено кривично дело кое ќе биде процесурирано од страна на Министерството за внатрешни работи, изјави министерот за внатрешни.

Иако Тошковски наведе дека ниту полициските службеници ниту било кој друг нема да се спаси од санкција, казна или пријава доколку го прекрши законот, од СДСМ реагираа со тврдење дека министерот само го признал скандалот и потврдил селективен пристап во работата.

Од СДСМ го обвинуваат ресорниот министер Панче Тошковски за непостапување и селективност иако сообраќајните прекршоци и несреќи се се почести, а тој вети дека законот ќе биде применуван за сите.

- Полна му беше устата на Тошковски со празни ветувања дека „секој ќе одговара“. Денес, гледаме дека тоа биле само лаги. „Брат да ми е, ќе одговара“ е најголемата лага на Тошковски. Законот за нив не важи, обвини Кузеска од СДСМ.

Полицијата за велигденскиот викенд казнила 1018 возачи заради побрзо возење.


## "Успение на Пресвета Богородица" - Сиденхам



Свештеникот, протереј ставрофор **Ефтим Бетински** ќе биде достапен во црквата *"Успение на Пресвета Богородица"* секој ден од понеделник до петок, од 10:00 до 15:00 часот, Моб: **0499 007 574** или email: *betinski_e@yahoo.com*

Неделната богослужба е од 9:00 часот.

*Macedonian Australian Orthodox Church «Uspenie na Presveta Bogorodica - St. Mary" Western Region inc.- 340 Sydenham Road Sydenham Vic 3037*



# СЕ САМОУБИ ЖЕНАТА ШТО ГО ОБВИНИ ПРИНЦОТ ЕНДРЈУ ЗА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА



**Вирџинија Џуфре кога имала 16 години (во 2000 година), Џилијан Максвел ја регрутирала да работи за Џефри Епштајн, и ја принудувале на сексуални односи со моќни луѓе како дел од сложена мрежа на сексуална експлоатација. Џефри Епштајн изврши самоубиство во август 2019 година во затвор во Њујорк додека чекаше судење по обвинението за трговија со деца за сексуална трговија со деца**

Вирџинија Џуфре, жената која ги обвини покојниот осуден сексуален престапник Џефри Епштајн и принцот Ендрју за сексуален напад, почина, соопшти нејзиното семејство, во Ниргаби, Западна Австралија, каде што живееше во последните неколку години.

„Вирџинија го загуби животот со самоубиство, откако целиот свој живот беше жртва на сексуална злоупотреба и трговија со луѓе. Таа беше бестрашен борец против сексуалното насилство и трговијата со луѓе. Таа беше светлина што им даде моќ на многу преживеани. И покрај сите тешкотии низ кои помина, таа блескаше со неверојатна сила. Ќе ни недости-

гаш повеќе отколку што зборовите можат да опишат. Светлината на нејзиниот живот беа нејзините деца – Кристијан, Ноа и Емилија", рече нејзиното семејство.

Портпаролката на полицијата на Западна Австралија, Шелби Брејди, потврди дека службите за итни случаи одговориле на повик од куќа во Ниргаби во петокот вечерта, каде што го пронашле безживотното тело на 41-годишна жена. Ѝ била укажана прва помош, но на лице место била прогласена за мртва. Според властите, „првичните наоди укажуваат дека смртта не е сомнителна", а истрагата ја водат детективи од Одделот за кривични дела.

Вирџинија Џуфре беше многу отворена за злоупотребата што ја доживеа. Кога имала 16 години (во 2000 година), Џилијан Максвел ја регрутирала да работи за Џефри Епштајн. Вирџинија Џуфре тврдеше дека двајцата систематски ја договарале и ја принудувале на сексуални односи со Епштајн и други моќни луѓе како дел од сложена мрежа на сексуална експлоатација, од која успеала да избега во 2002 година. Џефри Епштајн изврши самоубиство во август 2019 година во затвор во Њујорк додека чекаше судење по обвинението за трговија со деца за сексуална трговија со деца.

Вирџинија Џуфре, исто така, тврдеше дека Епштајн и Максвел ја подведувале кај богати и моќни мажи, вклучувајќи го и принцот Ендрју, кој постојано негираше каква било вмешаност.

Теоретичарите на заговор продолжуваат да тврдат дека нејзината смрт треба да се истражи. Многумина го поврзуваат тоа со смртта на Епштајн, кој почина пред шест години откако се обеси во својата затворска ќелија во Менхетен. Трагедијата со смртта на Вирџинија доаѓа откако претходно починаа две други млади жртви на осудениот милијардер педофил Епштајн.

Синот на американскиот претседател, Доналд Трамп помладиот, беше меѓу оние кои го привлекоа вниманието на



вознемирувачкиот коментар што Вирџинија Џуфре го напиша онлајн во 2019 година, кога рече дека не е самоубиствена и дека ако умре, тоа ќе биде поради „зли луѓе" кои сакале да ја „замолчат".

„Изјавувам дека не сум самоубиствена на никаков начин. Ги информирав мојот терапевт и матичен лекар за ова. Ако нешто ми се случи, во име на моето семејство, ве молам не дозволувајте ова да помине и помогнете ми да ги заштитам. Премногу зли луѓе сакаат да ме замолчат", напиша таа во декември 2019 година.

Потоа Доналд Трамп Џуниор го ретвитна овој нејзин пост со пораката „Ова е неверојатно".

По веста за смртта на Вирџинија Џуфре во петокот, активистката и сојузничка на претседателот Трамп посочи на сообраќајна несреќа во која учествувала на 24 март како доказ за заговор против Вирџинија. Епштајн извршил самоубиство во својата затворска ќелија користејќи портокалова јамка што ја направил од „чаршаф или кошула".

Сепак, после тоа, некои веруваат дека тој бил убиен токму поради неговите врски со богати и моќни луѓе, теорија која никогаш не е докажана.

# ВО ШПАНИЈА ОТКРИЕНИ ОСТАТОЦИ ОД БРОД ОД 15-ТИ ВЕК



Шпанските археолози, кои работеа на ископувањата на поранешниот рибен пазар во Барселона, открија остатоци од голем средновековен брод.

Бродот потонал таму пред 500 или 600 години, кога тој дел од Барселона сè уште бил под морето.

Голем дел од чамецот, долг 10 метри и широк три метри, со повеќе од 30 закривени дрвени ребра, е откриен на длабочина од пет метри под нивото на морето.

Структурата била поврзана со мешавина од дрвени и железни клинци, а конструкцијата е типична за средновековните чамци кои се наоѓаат на Медитеранот и низ цела Европа од средината на 15 век, пишува Гардијан.

„Мислевме дека некои археолошки остатоци од чамци може да се појават на овој локалитет, кој се наоѓа во близина на пристаништето и кејот од вештачки камен што го штитеше пристаништето, кое беше работна површина во 15-тиот и 16-тиот век. Две години подоцна, имавме среќа да го најдеме чамецот", рече водечкиот археолог Санти Паласиос.

Потонатиот брод, кој го носи името „Цитадела I" по блискиот парк, е многу кревок, а археолозите го чуваат во влажна средина и покриен со песок за да спречат распаѓање.

# ВО НОВ ЗЕЛАНД ПРЕДЛОЖЕН ЗАКОН ЗА ПРАВНО НЕПРИЗНАВАЊЕ НА ТРАНС ЛИЦАТА

Малцинскиот коалиционен партнер во владата на Нов Зеланд, партијата Нов Зеланд на прво место, претстави предлог-закон со кој, доколку биде усвоен, ќе се дефинираат жените и мажите врз основа на биолошките карактеристики, а со тоа ќе се спречи правното признавање на транс жените и мажите.

Предлог-законот нема големи шанси да биде прифатен бидејќи треба да добие мнозинство во парламентот на Нов Зеланд, пренесува Ројтерс.

Новозеландскиот премиер Винстон Питерс рече дека законите треба да ја одразуваат биолошката реалност и да обезбедат правна сигурност.

„Потребата од ваков закон покажува колку далеку нè одведе левицата како општество. Но, ние се бориме", рече Питерс.

Водачот на новозеландската опозиција Крис Хипкинс изјави за Staff News дека законот за пол е „типична популистичка политика" и дека во време кога Новозеланѓаните се соочуваат со зголемени животни трошоци, отпуштања и криза во здравствениот систем, ова прашање не е приоритет.

# ИМАМЕ ФЕР ПРЕДЛОГ ЗА РУСИЈА И УКРАИНА, ВРЕМЕ Е ДА ГО ПРИФАТАТ ИЛИ САД СЕ ПОВЛЕКУВААТ ОД ПРЕГОВОРИТЕ, КАЖА ВЕНС

Американскиот потпретседател Џеј-Ди Венс изјави дека САД ќе се повлечат ако Русија и Украина не постигнат договор, повторувајќи ги заканите претходно изнесени од Доналд Трамп и Марко Рубио. Неговите предупредувања уследија откако разговорите за Украина во Лондон добија намалена тежина по повлекувањето на Рубио и специјалниот пратеник Стив Виткоф, по што беше откажан и планираниот состанок на министрите за надворешни работи на Велика Британија, Франција, Германија, Украина и САД.

САД се повеќе фокусирани на разговорите со Русија, каде што Виткоф оваа недела повторно ќе се сретне со Владимир Путин. Во исто време, Володимир Зеленски се залага за моментално, целосно и безусловно примирје.

„Сега е време да се направи еден од последните чекори на пошироко ниво, кога двете страни ќе кажат дека запираат со убивањето и ќе ги замрзнат територијалните линии на некое ниво што е блиску до она каде што се денес. Тоа значи дека и Русија и Украина ќе мора да отстапат дел од територијата што сега ја држат“, рече



Венс, без да изнесе детали.

Зеленски уште еднаш ја отфрли можноста за признавање на окупираниот Крим како руска територија, што наводно го разгледуваат Вашингтон и Кремљ. Доналд Трамп кажа дека ваквите изјави на Зеленски се многу штетни за мировниот процес.

„Крим е изгубен пред многу години и воопшто не е предмет на разговорите. Многу блиску сме до договор и човекот кој нема никакви адути конечно би требало да го прифати тоа“, кажа Трамп.







# ИЗЛЕЗЕ НОВОТО ПЕЧАТЕНО ИЗДАНИЕ НА АВСТРАЛИСКО МАКЕДОНСКИ НЕДЕЛНИК

СЕКОЈ ВТОРНИК ВО ВАШАТА НАЈБЛИСКА ПРОДАВНИЦА ЗА ВЕСНИЦИ


www.australianmacedonian.com.au

AUSTRALIAN MACEDONIAN WEEKLY

Австралиско Македонски Неделник

Edition No. 1861 Year 38 • Tuesday, 29 April 2025 • Price $5.00 inc GST



Патувајте во Македонија и секаде во светот

AVIO TRAVEL Lic. No. 32481

335 High St. Preston

03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile
0401 686 970



Зборувајте со професионални агенти


## ПОВТОРНО ЌЕ ПОСКАПИ ГАСОТ ОВАА ЗИМА ВО АВСТРАЛИЈА



СЕ САМОУБИ ЖЕНАТА ШТО ГО ОБВИНИ ПРИНЦОТ ЕНДРЈУ ЗА СЕКСУАЛНА ЗЛОУПОТРЕБА



ЗА БОЛНИЦИ, ХИДРОЦЕНТРАЛИ, ЖЕЛЕЗНИЦА, ОХРИД, ПОПОВА ШАПКА...

МИЦКОСКИ НАЈАВИ

## АРАПСКИ ИНВЕСТИЦИИ ОД ШЕСТ МИЛИЈАРДИ ЕВРА



„ТРАДИЦИОНАЛНА ИЗРАБОТКА И СВИРЕЊЕ НА ГАЈДА“

НЕМАТЕРИЈАЛНО КУЛТУРНО НАСЛЕДСТВО НА УНЕСКО



ЗА ОПШТИНИТЕ ДОСТАПНИ ВТОРИТЕ 250 МИЛИОНИ ЕВРА ОД УНГАРСКИОТ КРЕДИТ

ВО ПРЕДМЕТОТ „АДИТИВ“ - ОДДАВАЛА СЛУЖБЕНИ ТАЈНИ

ПРИВЕДЕНА ПРЕТСЕДАТЕЛКАТА НА АНТИКОРУПЦИСКА КОМИСИЈА


БЕЗ ПОБЕДА, НЕМА НАПЛАТА

arnold thomas & becker lawyers

НИЕ СМЕ АДВОКАТСКА ФИРМА СО ЕКСПЕРТИ ЗА:
- сообраќајни повреди / TAC
- повреди на работно место / workcover
- побарувања од медицинска небрижност
- побарувања за повреда при раѓање
- побарувања за отштета од азбестос
- повреди на јавно место
- повреди работници на државни места /Comcare Claims
- Суперанујација / неспособност за работа



Tony Siskovski
Director



За проблемите што ги имате околу повреди на работно место зборувајте со ТОНИ ШИШКОВСКИ на македонски јазик на (03) 9614 1433

ЕКСПЕРТИ ВО ЗАКОНОТ ЗА ПОВРЕДИ

573-577 Lonsdale Street, Melbourne, VIC 3000 www.arnoldthomasbecker.com.au


## АФИРМИРАТОР НА МАКЕДОНСКИОТ ЈАЗИК, КУЛТУРА И ТРАДИЦИЈА

# Шкендија граби кон нова шампионска титула,
## Гостивар е втор тим што го напушта теренот пред крај на мечот

Ново напуштање на теренот пред крај на натпревар се случи во 29-то коло на ПМФЛ - овој пат од страна на Гостивар на мечот против Работнички. Гостивар го напушти теренот веднаш откако „романтичарите“ дадоа гол за водство 2:1 во 85. минута. Домаќинот поведе со голот на Ли Ервин во 67. минута. Истиот играч поради груб старт и тоа по прекин на играта доби црвен картон и од 76. минута домаќините играа со фудбалер помалку.

Веќе во 79. минута Матеј Ангелов израмни на 1:1, а во 84. Крис Дејли се запиша во листата на стрелци за предност на Работнички од 2:1.

Во извештајот на судиите е наведено дека Гостивар се пвлекол по инструкции на управата, но има уште едно пошокантен



белешка: домаќинот преку лице кое носело акредитација уште пред почетокот на мечот се заканувало дека клубот ќе напушти терен ако губи со Работнички.

Шкендија и Силекс останаа на еднаква бодовна дистанца по ремијата на домашен терен со Шкупи односно со Струга ТЉ.

На натпреварот во Тетово, Шкендија успеаја да извлече нерешено и покрај негативата од 1:3 против Шкупи на полувремето. Веќе до шестата минута имаше два постигнати поготоци, но интересно и двата автогола во рок од само една минута.

Најпрво Шкупи поведе со 0:1 со автоголот на Мерџани во 5. минута, а веќе во 6. минута Шкендија израмни на 1:1 благодарение на автоголот на гостинскиот дефанзивец Гуеје. Веќе во 17. минута Шкупи повторно дојде до предност и тоа благодарение на еврогголот на Имери директно од слободен удар од 25 метри. А, Ибиши во 38. минута зголеми и на 1:3.

Но, Шкендија се врати во игра во второто полувреме и успеа со автоголот на Диене во 51. минута да намали на 2:3, а во 86. минута со голот на Шала да дојде до 3:3.

Пелистер, пак, славеше против Тиквеш со 1:0 благодарение на голот на Тарасенко во 75. минута од средбата.

**ПРВА МАКЕДОНСКА ФУДБАЛСКА ЛИГА**

**Резултати 29. коло**

ПЕЛИСТЕР – ТИКВЕШ 1:0
ШКЕНДИЈА – ШКУПИ 3:3
СИЛЕКС – СТРУГА ТЉ 0:0
ГОСТИВАР – РАБОТНИЧКИ 1:2 (прек. 85. м)
ВАРДАР – БЕСА 3:1
АП БРЕРА – слободна
(ВОСКА се повлече од ПМФЛ)

| | меч. | поб. | нер. | пор. | бод. |
|---|---|---|---|---|---|
| 1. Шкендија | 29 | 18 | 9 | 2 | 63 |
| 2. Силекс | 29 | 17 | 8 | 4 | 59 |
| 3. Работнички | 28 | 14 | 10 | 4 | 52 |
| 4. Гостивар | 28 | 12 | 12 | 4 | 48 |
| 5. Струга ТЉ | 29 | 13 | 8 | 8 | 47 |
| 6. Шкупи | 30 | 10 | 6 | 13 | 37 |
| 7. Вардар | 29 | 9 | 8 | 12 | 35 |
| 8. Пелистер | 30 | 9 | 8 | 13 | 35 |
| 9. Тиквеш | 30 | 6 | 11 | 13 | 29 |
| 10. Брера С | 29 | 7 | 6 | 16 | 27 |
| 11. Беса | 30 | 7 | 6 | 17 | 27 |
| 12. Воска спорт | 29 | 5 | 7 | 17 | 13 |

## ФФМ: Не дозволуваме уцени и криминал!

ФК Гостивар го чека санкција. Клубот за напуштањето на теренот пред завршување на мечот ќе остане без бодови, ќе добие парични казни според правилникот на ФФМ, а ја ризикува и прволигашката иднина.

„Воска и Гостивар нема да бидат тие што ќе го валкаат македонскиот фудбал. Тие не го создале овој фудбал за да имаат право да го уништуваат. Секако, ќе завршат таму каде што навистина заслужуваат!

Првенството ќе продолжи по правилата и прописите од натпреварувањето. Криминалните структури и нечистотијата во фудбалот ќе бидат целосно исчистени. Фудбалската федерација на Македонија нема да дозволи уцени и притисоци“, стои во соопштението на ФФМ.

MILE UNCEVSKI FUNERAL SERVICES
Прва македонска погребна канцеларија во Австралија



Зборувајте со Миле Унчевски на 02 9502 3205

Миле Унчевски ги разбира македонските православни обичаи и погреби, тој е тука да ви помогне во најтешките моменти. Повеќе од 9 години Миле со неговата погребна компанија помага во најтешките моменти. За денот на погребот можеме да ви обезбедиме крпи, литургија, пченица.

Организираме погреби од Австралија во Македонија и обратно, доколку некој покоен имал желба да биде погребан во Македонија или во Австралија.

Serving the Macedonian Orthodox Community 24 Hours/7 Days

403 Forest Road, Bexley NSW 2207
Tel: 02 9502 3205, Fax: 02 9554 9735

# Алкалоид по пенали до ФИНАЛЕ на Европскиот Куп на ЕХФ!



Македонскиот ракометен Куп-освојувач Алкалоид го одигра реваншот со норвешки Рунар Сандефјорд на кој дојде со пет гола позитива, а патникот во финалето го решија пенали. Норвежаните во регуларниот дел победија со 34:29 и ја анулираа негативата од првиот меч, тоа донесе седмерци во кои поуспешен беше Алкалоид кој даде три пенали, наспроти противникот кој промаши три.

Најдобар стрелец кај Алкалоид на мечот беше Дамјан Митев со девет гола, пред Мартин Серафимов со осум реализации, додека Велковски и Ивановски завршија со по четири гола. Кај Рунар, Гурих имаше осум гола, а Вулвик даде седум гола. Противник на Алкалоид во финалето на Европскиот Куп на ЕХФ ќе биде грчкиот тим АЕК од Атина.

# Легендите на Бугарија и на Македонија одиграа хуманитарен меч за жртвите од Кочани



Селекцијата на ветерани на Македонија триумфираше со 3:2 на ревијалниот меч што се одигра во Варна против ветераните на Бугарија, хуманитарен натпревар од кој сите приходи се наменети за семејствата на жртвите во големата трагедија во Кочани.

Бугарските ветерани, предводени од легендарниот Христо Стоичков ја покренаа иницијативата што беше прифатена од страна на македонските фудбалери, кои на овој натпревар беа предводени од Горан Пандев.

Дуелот мина во крајно пријателска атмосфера, според договорот се одиграа две полувремиња од по 35 минути, во кои Македонија славеше со победничкиот гол што го постигна Дарко Тасевски.

Стрелци за Македонија беа Ристо Божинов, Пандев и Дарко Тасевски а за Бугарија Камбуров и Михтарски.

Горан Пандев јавно им се заблагодари на бугарските ветерани и на федерацијата на источниот сосед за покажаната солидарност.

- Се заблагодарувам од името на цела Македонија. Благодарни сме за прекрасната организација, за нас беше чест да го одиграме овој натпревар со најдобрата генерација на бугарскиот фудбал и се надевам и дека во иднина ќе имаме вакви прилики, тие да ни бидат гости и во Македонија. Како што кажа Христо (Стоичков) децата не можеме да ги вратиме, беше голема трагедија, не само за Македонија, туку и за цела Европа, никогаш повеќе да не се случи. Ние сакавме малку да помогнеме бидејќи спортот е најголем амбасадор на Европа, кажа Пандев.





# Медведев откри што му ветил Ѓоковиќ на Зверев



Новак Ѓоковиќ го стекна статусот на најдобар тенисер на сите времиња, но како што годинава ќе наполни 38 години, се погласни се предвидувањата дека српскиот тенисер може да ја заврши својата играчка кариера.

Тој често зборуваше за своите планови во иднината, а Даниил Медведев им откри на руските новинари во Шпанија интересна вест дека Новак по завршувањето на кариерата би можел да работи со Александар Зверев како негов тренер.

- Ова го чув во Австралија: Саша Зверев рекол оти Новак му ветил дека ќе работи со него една година кога ќе ја заврши кариерата. Не верувам дека Новак веднаш ќе стане тренер, пореално е дека ќе дава совети и ќе го споделува своето искуство со пријателите кои му се најблиски на Турнејата. Затоа, ако постои таква можност и јас би бил среќен да бидам во таква ситуација. Секако, тоа нема да се случи додека Ѓоковиќ игра, бидејќи тоа би го ставило во погрешна положба. Би било непријатно за него, но тој сигурно не би ги споделил своите тајни. Затоа тоа ќе се случи кога ќе ја заврши кариерата, смета руските тенисер.






# Летечкиот Македонец заврши трет на трката во Австрија

Летечкиот Македонец, Игор Стефановски Иџе, изминатиов викенд во новиот ФИА Европскиот шампионат на ридски патеки (еНС), ја возеше втората трка во Австрија. Легендарната патеката „Рехберт“ важи за една од најценетите и најстари патеки во Европа. Иџе во првото возење беше четврти, во втората трка направи второ најдобро време на патеката, а овој резултат му обезбеди трето место во генералниот пласман.

– Трето место во генерален пласман, во конкуренција со над 250 натпреварувачи од цела Европа - тоа е силен успех. Успеавме да се искачиме на подиум во исклучително моќна конкуренција. Благодарен сум на целиот тим и особено на тимот на „Ферари“, кои со своите нагодувања го направија мојот автомобил перфектен за оваа трка. Тешко е навистина да се натпреварувате против возачи чии возила имаат повеќе од 1.000 кс и погон на сите 4 тркала. Секако со искуството кое го стекнав низ годините во кои се натпреварувам, секогаш да се борам за висок пласман, изјави Стефановски.

Тој и годинава се трка со автомобилскиот ѕвер „ферари 488 В8“, специјално дизајниран за овие патеки. Стефановски е победник во Европскиот шампионат на ридски патеки, во група 1. ФИА Европскиот шампионат на ридски патеки, годинава има 11 трки, од кои две се завршени.

A AVIO TRAVEL Lic. No. 32481
335 High St. Preston
03/ 9471 4556
03/ 9471 4559
mobile:
0401 686 970





AVIO TRAVEL
ВИ ГО НУДИ СВЕТОТ НА ДЛАНКА
ПАТУВАЈТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И СЕКАДЕ ВО СВЕТОТ!
ЕВТИНО · УДОБНО · СИГУРНО · ВЕ ОЧЕКУВАМЕ · НЕ ЧЕКАЈТЕ, ЈАВЕТЕ СЕ УШТЕ ДЕНЕС ДА СИ ОБЕЗБЕДИТЕ МЕСТО ЗА УТРЕ!
За повеќе информации зборувајте на македонски со Милка Секуловска!
A LIC. NO. 32481
335 HIGH STREET, PRESTON, VIC. PH.: 03/9471 4559, 03/9471 4556 MOB: 0401 686 970

Australian Macedonian TODAY
СПОРТ
ISSN 1442-195X

# АВСТРАЛИСКИОТ ТЕНИСЕР ПЕРСЕЛ ДОБИ СУСПЕНЗИЈА ПОРАДИ ДОПИНГ



Двократниот австралиски шампион во двојки на Гренд слем турнирите, Макс Персел, прифати 18-месечна суспензија поради кршење на антидопинг правилата, соопшти во вторникот Меѓународната агенција за интегритет на тенисот (ITIA).

Персел призна дека ги прекршил правилата поврзани со употребата на „забранета метода“ откако несвесно примил интравенска инфузија на витамини над дозволената граница од 100 мл во период од 12 часа и доби привремена суспензија кон средината на декември.

Дванаесеттиот играч во двојки во светот тогаш изјави дека ја информирал клиниката дека е професионален спортист и дека инфузијата мора да биде помала од 100 мл.

„Овој случај не вклучува играч кој е позитивен на забранета супстанца, но покажува дека антидопинг правилата се пошироки од тоа“, изјави извршната директорка на ITIA, Карен Мурхаус.

„Исто така, ова покажува дека ITIA разгледува разузнавачки информации од различни извори со главна цел да ги заштити сите опфатени со антидопинг правилата во тенисот и да обезбеди еднакви услови за сите“, додаде.

Суспензијата завршува на 11 јуни 2026 година, откако ќе се земе предвид веќе отслуженото време.

Персел ќе ги изгуби резултатите и наградниот фонд од датумот на неговото прво кршење на антидопинг правилото на 16 декември 2023 година, па сè до неговиот прв последователен негативен примерок од допинг контрола на 3 февруари 2024 година.

Исто така, ќе му биде забрането да игра, да тренира или да присуствува на тениски настани одобрени од членовите на независната ITIA, која беше основана од управните тела на спортот.

Персел, кој ја освои титулата во машки двојки на Вимблдон во 2022 година и на Отвореното првенство на САД минатата година, е најновиот освојувач на Гренд слем турнир кој ги прекрши правилата за допинг.

Четирикратната победничка на Ролан Гарос, Ига Швјонтек, минатата година прифати едномесечна суспензија откако беше позитивна на забранетиот лек „триметазидин“ по контаминација со апчиња за спиење.

Актуелниот светски рекет број еден Јаник Синер беше ослободен од сите обвиненија по два неуспешни теста за анаболниот агент клостебол, но прифати тримесечна суспензија претходно оваа година откако постигна договор со Светската антидопинг агенција.

